CHARACTERISTICS OF MEDIATION AND PEER MEDIATION FOR JUVENILES AGED 15 TO 18

Ebru Ibish
European University Republic of Macedonia ebru.ibis@eurm.edu.mk

Abstract: The creation of new models or ways to find solutions to reduce conflicts between juveniles depends on certain factors such as character of a child, structure of family, family relations, communication with friends, education etc. Taking into account the multifactor approach it can be concluded that appearance of conflict depends of various factors. The models and the principles of restorative justice as a new approach of legal system are contributing excellent results in developed countries. Mediation has proven as the most practical and effective model of peaceful settlement of disputes between the parties. Unlike previous approaches as a retribution and resettlement where the focus was turned to crime and the offender in restorative justice focus is turned to human relationships and the main target is future-oriented specifically towards the prevention of conflicts between juveniles. Peer mediation is very important because of the involvement of juveniles in the mediation process. Peer mediation is a new matter for an old concept because it has the basic characteristics of restorative justice and mediation against juveniles with special ways of setting up a peer mediation program. In certain countries in Europe, but also in the Balkans, peer mediation was showed as a successful model that provides a satisfactory solution for both sides, and the aim is to reach an agreement between children and create interpersonal relationships as a main target of the model. Peer mediation consists 4 main phases: Solving nature of conflicts between juveniles, this includes promotion of the program, causes of conflicts, principles of conflict resolution, communication skills which is one of the key things in the peer mediation process between mediator and the parties, control of aggression and the ways of conflict resolution where the peer mediation is detailed together with: alternative ways, negotiations between juveniles, and the implementation of negotiation. An important fact about peer mediation is that juveniles are instructed on a weekly basis to learn skills for peaceful conflict resolution. Peer mediation allows a reduction of problems and conflicts among juveniles and that is a great base to create fundamental character for slowing disputes in the future when juveniles will start building their own career. The advantage of peer mediation is that the juvenile does not have a sense of fear to share his views, thoughts and opinions with the peer mediator and the other party also the fear of authority from professors, pedagogues, psychologists and other officials in the educational institution because the model itself allows mutual conversation between the parties and the peer mediator.
Keywords: restorative justice, mediation, peer mediation, juveniles, approach

КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕДИЈАЦИЈА И ВРСНИЧКА МЕДИЈАЦИЈА ЗА МАЛОЛЕТНИЦИ НА ВОЗРАСТ ОД 15 ДО 18 ГОДИНИ

Ебру Ибиш
Европски Универзитет Република Македонија ebru.ibis@eurm.edu.mk

Резиме:Моделите и принципите на ресторативна правда како нов приод во правниот систем покажуваат одлични резултати во развиените земји. Медијацијата се покажа како најпрактичен и ефикасен модел на мирно решавање на споровите меѓу странките. За разлика од претходните приоди, односно ретрибуцијата и ресоцијализацијата, кадешто фокусот беше свртен кон кривичното дело и кон сторителот, во ресторативната правда фокусот е свртен кон меѓучовечките односи и целта е насочена кон иднината односно кон спречување на настанување конфликти меѓу малолетниците. Врсничката медијација е многу значајна заради вклучување на малолетните лица во медијацискиот процес. Врсничката медијација е нова материја за стар концепт бидејќи таа ги има основните карактеристики на ресторативната правда и медијацијата спрема малолетници со посебни начини на поставување на програмата за врсничка медијација. Во определени земји во европа, но и во балканот се покажа како успешен модел кој дава задоволувачко решение и за едната и за другата страна а целта е насочена кон спогодба и создавање на меѓучовечки односи. Врсничката медијација се состои од 4 важни етапи кои се взаемно поврзани: резрешување на природата на конфликтите меѓу малолетници - тука спаѓаат промоција на програмата, причини за конфликти, принципи за разрешување на конфликти; комуникациски вештини, контрола на агресија и начини на разрешување на конфликти кадешто детално е опфатена врсничката медијација заедно со: алтернативни начини, преговори меѓу малолетници и примена на преговори. Важен факт за врсничката медијација е тоа што децата се обучуваат на неделно ниво за одлично да ги научат вештините за мирно решавање на конфликти. Со оглед на тоа што станува збор за чувствителна група поточно за малолетници, обуките за децата коишто се поставени како

врснички медијатори се почести. Врсничката медијација не само што овозможува намалување на проблемите и конфликтите меѓу малолетниците, туку таа е одлична база за создавање темелен карактер за решавање на спорови во иднина кога децата ќе создадат кариера. Предноста на врсничката медијација е во тоа што малолетникот не поседува чувство на страв за да ги сподели своите ставови и мислења со медијаторорот и другата страна и страв од авторитет од професори, педагози, психолози и останати службени лица во образовната институција бидејќи самиот модел дозволува да има взаемен разговор меѓу страните и врсничкиот медијатор.

Клучни зборови: ресторативна правда, медијација, врсничка медијација, малолетници

ВОВЕД

Создавањето на нови модели или начини за изнаоѓање на решенија за намалување на криминалот кај малолетните сторители на кривични дела зависи од неколку фактори како што се: економската состојба на една држава; стапката на криминалитет; образование; структура на семејството и сл. Имајќи го во предвид мултифакторскиот пристап може да се констатира дека појавата на малолетничкиот криминалитет зависи од различни фактори, но најчесто децата при имитирање на возрасните, кои веќе имаат изградена криминална кариера, несвесно стануваат злосторници; друг пример е дека дел од малолетниците од љубопитност почнуваат да градат криминална кариера, а најчесто стануваат сторители на имотни деликти. Медијацијата ги има сите карактеристики на „договорна правда“, таа овозможува баланс на правдата бидејќи како цел за медијацискиот процес се нагласени интересите на жртвата и сторителот. Во рамките на овој труд е дадено посебно значење на: главните цели на медијацијата, значењето и важноста на медијацијата спрема деца, модели на медијација, видовите конфликти кај малолетниците, разрешување на конфликти со помош на посебни програми на врсничка медијација кај малолетници од 15-18 годишна возраст, разрешување конфликти, преговори и образовна програма за врсничката медијација кај малолетници.Медијацијата за разлика од кривичната правда којашто е формална и нефлексибилна, е флексибилна и се развива врз основа на договор. Исто така, влијаат и односите на странките па поради тоа медијацијата е побрза и пофлексибилна. Важно е да се нагласи дека во постапката за медијација има заштеда на време и трошоци и одбегнување на правните лекови, бидејќи по завршување на постапката за медијација не е предвидено правото на жалба.Врсничката медијација или позната како peer mediation е понова програма којашто се практикува во повеќето современи држави за разрешување на конфликти меѓу малолетници во училиштата. Таа е одличен модел за спречување на агресија, спречување на градење на криминален профил кај малолетници, создавање на добри меѓусемејни и меѓучовечки односи, успех во академскиот живот и кариера.

1. ОПШТО ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Во последните години во склоп на ресторативната правда како понов начин за решавање на спорови меѓу жртвата и сторителот, медијацијата за малолетници зазема значајно место како модел на мирно решавање на спорови. Според нашиот Закон за медијација,[156] под поимот медијација се подразбира секое посредување, без оглед на неговиот назив, при решавање на спорниот однос во постапката на медијација во коешто на страните на спорниот однос им се овозможува истиот да го решат по пат на преговарање на мирен начин со помош на еден или повеќе лиценцирани медијатори со цел да се постигне заедничко прифатливо решение изразено во форма на писмена спогодба.[157]

Медијацијата во Република Македонија се потпира на следните начела: доброволност, рамноправност, неутралност, доверливост, исклучување на јавноста во медијацијата, еднаквост на страните, достапност на информации за медијацијата во други постапки, ефикасност и правичност.

Сметаме дека е важно да се напоменат и начелата на кои почива медијацијата и се предвидени во Препораката за медијацијата во казнената област на Советот на Европа Р (99) 19.[158]/[159] Вообичаено медијацијата минува низ четири фази: **Монолог** - подготвеност да го изнесе своето видување; **Дијалог** - подготвеност да се сослуша другиот и да се даде одговор на поставените прашања, изнесени ставови и мислења; **Компромис** - желба за постигнување заедничко прифатливо решение, отстапување од првично зацртаните ставови, флексибилност; **Спогодба** - потпишување документ кој има значење на извршна судска одлука, со што во ресторативната правда се воспоставуваат односно возобновуваат односите

[156] Закон за медијација, Службен весник на Република Македонија, бр.188/2013.
[157] Чл.2, Закон за медијација.
[158] Recommendation No (99)19 concerning mediation in penal matters
[159] Гордана,Лажетиќ, Бужаровска, Лазар, Нанев, Олга, Кошевалска. „*Кривично постапување спрема децата во ризик и во судир со законот“* Прилеп: Гинис, 2015 година, страна 233

помеѓу странките, а во правна смисла предметот станува res judicata. Постојат и критики околу медијацијата и медијацискиот процес, дел од критиките е дека со процесот на медијација можно е сторителот на делото да не го сфати стореното кривично дело за сериозно бидејќи не добива казна како реакција на предизвиканата штета и можно е заради несериозност да дојде до состојба на повторување на делото. Но, тука ќе нагласиме дека во процесот на медијација една од поважните цели е сторителот да може да прифати дека сторил кривично дело и дека предизвикал: штета, страв, психичка нестабилност спрема жртвата. Ова е една од важните фази во која се развива свест кај сторителот дека стореното дело не е прифатливо и дека треба да ја надомести штетата, или со други зборови целта на медијацијата е да го превенира рецидивизмот кај децата по пат на спогодба.

2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕДИЈАЦИЈАТА СПРЕМА ДЕЦА

Првиот обид за медијација е познат како „Киченеровиот Експеримент“ (Ontario Kitchener Experiment). Експериментот еволуирал во организирани програми за помирување меѓу жртвата и сторителот финансирана од страна на владини грантови и црквата со поддршка на различни групи во заедницата. За прв пат во САД медијацијата била користена во 1978 година во Индијана, Елкхарт. Главната цел на медијацијата спрема детето не е заплашување или санкционирање на детето поради стореното кривично дело, туку напротив создавање на дијалог со сторителот којшто ќе овозможи тој да сфати дека жртвата страдала поради него, дека повредил туѓо тело или имот и на некој начин да се создаде каење кај сторителот, а потоа и создавање на пријателски однос меѓу жртвата и сторителот. Медијацијата не се користи само за деца, туку и за возрасни лица како мирно решавање на спорови, но кога станува збор за дете имајќи ги во предвид сите карактеристики на детето мора да се внимава како ќе се постапува со нив, бидејќи децата најчесто создаваат криминален профил во периодот на пубертетот, а истиот се карактеризира како најкритичен и натежок период од детството па заради тоа медијаторите мора да бидат добро обучени и едуцирани околу медијацијата за деца. Постојат различни познати модели на медијација: **Victim offender mediation –** спогодба меѓу оштетениот и обвинетиот која има за резултат финансиско надоместување на штетата; **Community reparative boards –** одбрани и специјално едуцирани членови на заедницата одлучуваат за мерките и обврските што обвинетите треба да ги преземаат врз основа на договор; **Family group conferencing session –** обвинетиот и оштетениот разговараат во присуство на нивното потесно семејство, обидувајќи се да го најдат најадекватниот начин на надомест на штетата.[160] Важно е да напоменеме дека медијацијата се користи за сторени полесни кривични дела; постои модел на медијација којшто откако ќе се склучи спогодбата помеѓу жртвата и сторителот и ќе завршат предвидените сесии за медијација, определени органи (како, на пример, ЦСР) ги следат жртвата и сторителот дали по успешното завршување на медијацијата ги задржуваат пријателските односи меѓу нив. Потребно е, исто така, детето да сфати дека со помош на медијација нема да му се оформи криминално досие, но во секој случај да е свесен дека сторил кривично дело. Особено е важно медијаторот да е неутрален во однос на странките (иако медијаторот за време на медијацијата има улога на судија), да е умешен и професионален за да може да воспостеви дијалог меѓу жртвата и сторителот за тие да ги искажат своите чувства. Важно е да се напомене дека постојат модели на медијација, и тоа: „отворен конференциски модел“ и „затворен конференциски модел“. Во некои земји дозволено е за време не целата постапка на медијација да учествуваат и родителите на страните. Но, тука се јавува еден многу значаен проблем што би можеле да го наречеме **„родителско слепило“** односно кога родителите за време на медијацијата, не можат да ги идентификуваат грешките на своето дете и подржувајќи ја грешката односно лошиот однос на детето негативно влијаат врз психата на детето, од една страна, а и врз самиот медијациски процес, од друга страна. Заради тоа се смета дека попродуктивна би била медијацијата што се одвива само меѓу жртвата, сторителот и медијаторот како неутрално лице.Како една од главните цели на медијацијата е дека таа е свртена кон иднината, и голем акцент се става на тоа детето да не го повтори уште еднаш истото дело. Во текот на медијацијата жртвата се охрабрува да учествува и да ги искаже своите страдања, загуби, стравови и очекувања, се нагласува одговорноста на сторителот иако прашањето на вината воопшто не е во фокусот на вниманието.[161]

[160] Mladi u sukobu sa zakonom: Osvrt na praksu I zakonodavstvo u Bosni I Hercegovini u odnosu na medzunarodne standard, Save the children UK I UNICEF, Sarajevo, 2002 godina

[161] Choi, J.J & Severson, M. “What! What kind of apology is this?” The nature of apology in victim offender mediation- Children and youth services review, 2009 31(7) страна 813-820

3. ВИДОВИ КОНФЛИКТИ КАЈ МАЛОЛЕТНИЦИ

Конфликти, тепачки, расправии и караници се неизбежни и природни однесувања меѓу малолетниците за време на училиштето. Дејвид Џонсон (David Johnson) и Роџер Џонсон (Roger Johnson) сметаат дека клучна улога за создавање на конфликтите се: исмејување, омаловажување, физичко насилство и озборување. При одредување на причините за конфликти David и Roger Johnson училиштата ги класифицираат на: предградски училишта и градски училишта. Во предградските училишта забележани се конфликти за време на активности во училиште, несогласувања меѓу малолетнци за заедничките договори, физичко насилство и вербално насилство, додека во градските училишта најчесто се среќава физичкото насилство односно тепачки меѓу малолетници и караници. Соред Дојч (Deutsch) конфликтите што настануваат меѓу малолетници треба да се поделат на 5 категории: контрола на ресурси (книги, компјутери, телевизија и сл); избор (реализирање на активности); вредности; верувања; меѓусебни односи. Користејќи ја како база горенаведената поделба David и Roger Johnson создале седум нови категории: напаѓање и кавги; исмејување и омаловажување; конфликти за време на слободни активности во училиште; конфликти во предавални; конфликти околу училишен прибор; избор-вредност-вера; конфликти околу академски работи. Настанувањето на конфликт зависи од различни фактори, односно од домашното воспитување, непримерното однесување во улилиште и надвор од училипте, недоволно развиената интелектуална свест, некултурното однесување, не обврнувањето внимание на дадените задачи, нарушувањето на односите и сл. Процентуално прикажано, различните видови на конфликти кај малолетници изгледаат на следниот начин: 42% караници меѓу малолетници од различен пол; 23% вербално насилство; 30% кавги меѓу малолетници; 21% интелектуални конфликти т.е несогласувања; 13% физичко насилство; и 12% лоши меѓусебни односи.

4. РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ СО ПОМОШ НА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ НА ВРСНИЧКА МЕДИЈАЦИЈА КАЈ МАЛОЛЕТНИЦИ ОД 15 ДО 18 ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Медијацијата како модел на ресторативната правда се покажа многу ефикасна, ефективна и економична. Кога санува збор за врсничката медијација (peer mediation), таа игра голема улога во намалувањето на конфликти меѓу малолетници, па заради тоа некои училишта веќе имаат современи програми на врсничка медијација.Врсничката медијација овозможува подобрување на меѓучовечките односи, свесност за нанесената штета од страна на сторителот, чувство на каење и извинување за мирно разрешување на спорот наместо викање, казнување, изрекување на дисциплински мерки кои најчесто создаваат агресија, страв и контраефект кај малолетниците. Главните цели на врсничката медијација (peer mediation) се: решавање на конфликти во рамките на училиштето и создавање на темелни здрави односи; оптимистички настроени идеи за разрешување на секаков вид на проблеми од страна на вработените во училиштето; без разлика на разновидноста на семејната култура на децата создавање на посебни техники за разрешување конфликти; високо ниво на познавање на техниките на врсничката медијација од страна на учениците за лесно разрешување на спорови што би настанале во иднина; преземање на одговорност; создавање на дисцилинска програма во рамките на училиштето која ќе овозможи меѓусебна контрола кај малолетниците, а од друга страна зајакнување на образовниот процес; создавање на почит и заштита во училиштата; подобрување на управувањето во училиштата; создавање на дисциплнски методи во кои малолетникот ќе има клучно значење; намалување на дисциплинските мерки; меѓусебно контролирање на емоциите кај малолетниците и умешност за разрешување на конфликтите надвор од училиште.Ефектите на врсничката медијација (peer mediation) покажуваат позитивни резултати и во развојот на детето, на пример: зацврстување на семејните и пријателските односи, создавање на квалитетна кариера, примерно разрешување на секаков вид на проблем на меѓународно ниво и сл. Една од поважните цели на овој тип на медијација е едуцирањето на малолетници за лошите форми на однесувања односно покажување дека насилството не е решение за никаков конфликт, напротив алтернативните начини на разрешување на конфликти нудат многу поефикасни и долгорочни резултати. Со помош на создадените програми секој малолетник ќе стане свесен поединец за сторените добри и лоши дела и создавање на чувство на одговорност за секој проблем или сторено дело. Важно е да се напомене дека многу мал дел од училиштата се грижат за медијациските програми за малолетници, најчесто на професорите им е многу полесно да ги „казнуваат“ децата или да ги упатат до дисциплинска комисија којашто најчесто не создава добар ефект кај детето. Целта на казнувањето не треба да биде заплашување на детето која резултира со одземање на неговата самодоверба и храброст за понатамошните чекори во образованието, па заради тоа, иако врсничката медијација како процес трае подолго за разлика од казнување на детето, таа носи резултати коишто се свртени кон иднината односно кон создавање на меѓучовечки односи за разлика од казнувањето каде целиот фокус е свртен кон изречената санкција.

Во прилог се презентирани различните ставови околу примената на врсничката медијација за малолетници. Според Џонс (Jones), врсничката медијација ќе придонесе за намалување на меѓусебните недоразбирања и ќе создаде чувство на меѓусебно помагање на учениците за пронаоѓање на соодветно решение кое ќе ги задоволи и двете страни. Дејвид Џонсон (David Johnson) и Роџер Џонсон (Roger Johnson) сметаат дека разрешувањето на конфликтите ќе им овозможи на малолетниците не само создавање на навика за мирно решавање на спорови, туку и градење на цврста академска кариера, ширење на пријателскиот круг, усовршување на вештини и создавање на поквалитетен однос меѓу семејните врски. Според Даунич, Смит, Рованд, Лендри, Милер (Daunic, Smith, Rowand, Landry, Miller), во рамките на времето предвидено за училиште доколку настанат конфликти меѓу ученици, со помош на програмите предвидени за врсничката медијација, малолетниците можат самостојно и меѓусебно да соработуваат за разрешување на конфликтната ситуација и истовремено да помагаат за намалување на насилството во училиште. Лејн и Мекврајтер (Lane и McWhriter) истакнуваат дека медијацијата ќе им помогне на малолетниците да го подобрат личниот статус и развивање на лидерските вештини. Џонс (Jones) вели дека врсничката медјација ќе ги намали меѓусебните недоразбирања, ќе ги развие вештините на „малолетните медијатори“ за спогодување и порамување, просоцијални односи и намалување на конфликти во истата училишна средина.

5. РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ, ПРЕГОВОРИ И ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА ЗА ВРСНИЧКА МЕДИЈАЦИЈА

Програмата за врсничка медијација или позната како peer mediation се состои од 4 дела.

1. Резрешување на приодата на конфликтите меѓу малолетници,
   - 1.1 промоција на програмата,
   - 1.2 конфликти меѓу малолетници,
   - 1.3 причини за конфликти,
   - 1.4 принципи за разрешување на конфликти,
2. Комуникациски вештини,
   - 2.1 Важноста на создавање на емпатија и обврнување внимание на целиот процес на peer mediation;
3. Контролирање на агресија,
   - 3.1 Надзор врз сопствена и туѓа агресија,
4. Начини на разрешување на конфликти,
   - 4.1 алтернативни начини,
   - 4.2 преговори меѓу малолетници,
   - 4.3 примена на преговори,
   - 4.4 Медијација – peer mediation.

При одредување на важноста и ефектите на врсничката медијација се поставува следното прашање: Што е потребно да се направи за да се создаде квалитетен модел на медијација? Тука е важно да напоменеме дека во целиот процес на медијација за да има позитивни резултати мора да бидат обучени: учениците, професорите, управата на училиштето и родителите. Експертите од оваа област тврдат дека за да се создаде база и програма за врсничка медијација во едно училиште кое за прв пат ќе ја применува врсничката медијација, потребни се 5 години, оттука би можеле да заклучиме дека овој тип на медијација бара висок степен на трпеливост при создавање на самиот модел, а и при целиот процес на разрешување на конфликти меѓу малолетници. Во спротивно нема да има позитивни резултати за мирно решавање на настанатите проблеми.На кој начин се избираат медијатори од редот на учениците? Претпоставката дека само успешните ученици или учениците коишто се во добри односи со професорите можат да бидат успешни медијатори е погрешна, бидејќи постојат случаи кога истите успешни ученици немаат способност да создадат добри односи со останатите врсници од училиштето. Првиот чекор при обучување на медијатори е да се донесе одлука дали ќе се обучуваат сите ученици или само еден дел од нив. Експертите од оваа област докажуваат дека доволно е да има 10 медијатори за 40 ученици. Потенцијални медијатори од редот на учениците би можеле да бидат само тие ученици кои имаат добри односи со останатите и кои се доверливи лица. Медијаторите (ученици) се избираат секоја недела по двајца ученици од секое одделение (најчесто во парови, машко и женско) и во почетокот на неделата, 2 часа минуваат од обука за медијација (притоа, веќе се обучени за целиот процес на врсничката медијација). Оваа обука трае 4 години сè до завршување на средното училиште односно до навршување на 18 години.[162] Пред втемелување на образовната програма во училиштата важно е првично да се

[162] Turnuklu Abbas, Kacmaz Tarkan, Ikiz Ebru, Balci Feridun, *"Anlasmazlik Cozumu, Muzakere ve Akran Arabuluculuk Egitim Programi"* Ankara: Maya Akademi, 2009, стр.33

создаде комисија со следните членови: психолог, класен професор, потпретседател на училиштето и 3 професори кои ќе вршат надзор врз учениците. Во рамките на конфликтите меѓу малолетниците во склоп на првата етапа клучно значење имаат: ресурсите (облека, училиште, средства и сл.) кои најчесто се појавуваат како причина за конфликт; основни психички потреби (животни потреби, комуникација меѓу луѓе, почит, моќ, слобода и сл) и различни вредности. Принципите за разрешување на конфликти се многу значајни бидејќи тука лежи целта на создавање на меѓучовечки односи. Оваа фаза е прва и започнува со одредувањето на целта (како, на пример, објаснување на важноста на примената на принципите на останатите деца), одредување на бројот на малолетници во една група, временското траење (предвидено е максимум 90 минути), меѓусебна консултација и споделување на меѓусебни искуства, евалуација, заклучок. Втората фаза се состои од комуникациските вештини, поточно, важноста на создавање на емпатија и обрнување внимание на целиот процес на врсничката медијација. Во рамките на втората фаза се обврнува внимание на 3 клучи цели: Да се докаже дека конфликтните страни проблемите околу настанувањето на конфликтот може да го сфатат и толкуваат на различен начин; конфликтот може да создаде различен впечаток кај останатите поединци околу страните и конечно, третата и последната цел е дека страните треба да се свесни дека нивните реакции може да предизвикуваат позитивно или негативно решение на врсничката медијација.

Третата фаза се состои од контролирање на агресија поточно, надзор врз сопствена и туѓа агресија. За да ги одредиме целите на оваа фаза, важно е да се разгледа прашањето околу гнев и лутина. Гневот настанува како природна појава, односно одбрана откако спротивната страна ќе не нападне во врска со нешто. Во рамките на третата фаза постојат неколку цели: за време на конфликтот, страните треба да се свесни дека постои меѓусебен гнев; страните треба да се свесни дека имаат вештини на самоконтрола на гневот; страните треба да се способни да ги контролираат мислите и причините кои што го предизвикуваат гневот; начини на избегнување на агресивно однесување. Оваа фаза завршува со писмено образложение на двете страни околу причините коишто доведуваат до агресија, со цел да се изјаснат и обете страни да ги детектираат меѓусебните причини кои довеле до создавање на гнев. Четвртата фаза е во врска со начините на разрешување на конфликти. Тука, клучно значење имаат: алтернативните начини; преговорите меѓу малолетници; примена на преговори и медијација. Во последната фаза постојат две начини на решавање на конфликти.Првиот начин е во состав од: управниот одбор и професори, додека вториот начин е меѓу врсниците. Првиот начин е построга варијанта за разлика од вториот, бидејќи тука станува збор повеќе за укор или казнување отколку мирно решавање на спорот. Една од битните проблеми коишто се јавува во оваа фаза на решавање на конфликти од страна на професори и управниот одбор е тешкотии при комуникација меѓу малолетникот и професорите, додека вториот начин е поефикасен и станува збор за решавање на конфликти од страна на врсници, за разлика од претходниот начин тука имаме одличен тек на комуникација меѓу страните и медијаторот и изнаоѓање на заедничко решение.

ЗАКЛУЧОК

Во модерниот кривично-правен систем кога станува збор за ресторативната правда, најчесто се бара одговор на следните прашања: дефинирање на материјата на ресторативна правда; учесници во рамките на ресторативна правда; принципи на ресторативна правда; модел на постапување и позиционирање на програми. При одредување на местото и значењето на медијацијата и врсничката медијација од важност е да се напомене дека постојат три клучни елементи на ресторативната правда: кривичното дело и жртвата; сторителот на делото; штетата настаната од страна на сторителот. Медијацијата и врсничката медијација освен ангажираност на медијаторите и странките во постапката, бараат голема ангажираност и на државата. Целта на медијацијата а воедно и на ресторативната правда е да се спречи настанувањето на последицата па затоа фокусот е свртен кон иднината. Фокусот во редовната судска постапка е свртен кон казнување и кон сторителот и за разлика од медијацијата во судската постапка се чека настанување на последицата.Врсничката медијација овозможува спречување на настанувањето на спорови и конфликти меѓу малолетниците што е битна карактеристика за правилен развој на децата од 15 до 18 годишна возраст, која е окарактеризирана како период на пубертет. Честопати, при анализа на причините за малолетничка делинквенција се наведува и непродуктивното користење на вишокот време, па оттука и создавањето на првите конфликти. Токму поради овие причини врсничката медијација се покажа како многу ефикасна бидејќи таа е насочена кон создавање на „деца медијатори“ кои ќе имаат способност без помош на нивните родители да решаваат спорови со претходна обука за медијација. Врсничката медијација е одличен модел за квалитетно воспитување на децата и сметаме дека од голема корист би било да се воведе во секое средно училиште за создавање и унапредување на вештините за мирно решавање на конфликти меѓу малолетниците.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Choi, J.J & Severson, M. "*What! What kind of apology is this?*" The nature of apology in victim offender mediation- Children and youth services review, 2009
[2] Mladi u sukobu sa zakonom: Osvrt na praksu I zakonodavstvo u Bosni I Hercegovini u odnosu na medzunarodne standard, Save the children UK I UNICEF, Sarajevo, 2002
[3] Turnuklu Abbas, Kacmaz Tarkan, Ikiz Ebru, Balci Feridun, "*Anlasmazlik Cozumu, Muzakere ve Akran Arabuluculuk Egitim Programi*" Ankara: Maya Akademi, 2009
[4] Бужаровска, Лажетиќ, Гордана, Лажетиќ, Бужаровска, Нанев, Лазар, Нанев, Олга, Кошевалска, Олга,. „*Кривично постапување спрема децата во ризик и во судир со законот*" Прилеп: Гинис, 2015
[5] Закон за медијација, Службен весник на Република Македонија, бр.188/2013